**СТАТУТ**

**на**

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ - МАКЕДОНИЈА**

Скопје, декември 2006 година

Врз основа на член 20 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл. весник на РМ 31/98) и на член 21 и 37 од Статутот на Транспарентност Македонија, Собранието на 5-та редовна седница одржана на ден 16 декември 2006 година го донесе следниов

**СТАТУТ**
**на**
**Транспарентност - Македонија**

## И. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Опис

Член 1

Транспарентност Македонија (во понатамошниот текст: Транспарентност) е граѓанска организација која ја промовира јавноста и транспарентноста и се бори за сузбивање на корупцијата.

Име и скратено име

Член 2

Името на орагнизацијата е Транспарентност Македонија.

Скратеното име е ТМ.

Името на англиски јазик е "Транспаренцѕ Мацедониа" (ТМ).

## ИИ. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И МЕТОДИ

Општа цел

Член 3

Општа цел на Транспарентност е промоција на јавноста и транспарентноста и борба за сузбивање на корупцијата.

Цел (мисија)

Член 4

Цел на Транспарентност е создавање на промени за Македонија во која владее правото и е без корупција.

Задачи

Член 5

Задачите на Транспарентност се:

- јакнење на добро владеење на национално и локално ниво;
- подобрување на анти-корупциските стандарди и практики во државниот сектор;
- промоција на анти-корупциски стандарди во политичките партии, деловниот и граѓанскиот сектор;
- подигната свест на јавноста за анти-корупција (нула-толеранција);
- градење на анти-корупциски партнерства и мрежи.

Вредности

Член 6

Вредности на Транспарентност се: јавност, транспарентност, одговорност, интегритет, демократија, смелост, правичност, солидарност.

Методи на работа

Член 7

Транспарентност ги остварува програмските активности преку: застапување, надгледување на примена, образование.

Транспарентност врши застапување, што опфаќа градење на свест (продукција на општообразовни и информациски материјали, културна размена, партнерства, студиски посети и слично), истражување и анализа на јавни политики.

Транспарентност врши надгледување на примена на јавни политики.

Транспарентност обезбедува и пренесува знаење преку курсеви, советувања, практична работа и друго.

Посебни случаи

Член 8

Транспарентност во борбата за сузбивање на корупција нема да презема истражувања на обвинувања за корупција или да изложува посебни случаи на корупција, но ќе работи во мрежа со организации кои го работат тоа.

Транспарентност ќе презема истражувања на посебни (индивудулни) случаи само во смисла на подобрување на јавноста и спречување на корупција.

Одговорност за мислења и ставови

Член 9

Мислењата и ставовите изразени во проекти, публикации, извештаи, информации, интернет или било која друга форма се мислења и ставови на стручњаците, соработниците или персоналот на Транспарентност, но не и на Транспарентност.

Мислењата и ставовите на Транспарентност се одобруваат од Управниот одбор и се претставуват на јавноста од лице овластено за тоа.

Територија

Член 10

Транспарентност дејствува на територијата на Република Македонија.

Транспарентност дејствува и на меѓународно ниво во согласност со својата генерална политика и стратегија.

## ИИИ. ЧЛЕНСТВО

Услови за членство

Член 11

Член на Транспарентност може да биде секој граѓанин кој доброволно ќе пристапи и кој ќе ги прифати целите, задачите, методите и вредностите наведени во овој Статут и кој ќе биде примен.

Зачленувањето се врши со пристапница. Транспарентност води регистар на членови.

За прием во членство одлучува Собранието, по предлог на Управниот одбор.

Права и одговорности на членовите

Член 12

Членовите на Транспарентност имаат права и одговорности согласно со одредбите на овој Статут и позитивните законски одредби.

Членовите активно учествуваат во работата на Транспарентност, а посебно:

- да плаќа членарина;
- да бидат избирани во органите и да избираат.

Престанок на членство

Член 13

Членството во Транспарентност може да престане со:

- истапување на членот кое се поднесува писмено;
- исклучување, во случај на дејствување спротивно на Статутот.

Одлука за престанок на членство донесува Собранието, по предлог на Управниот одбор.

**ИВ. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА**

**1. Органи на управување**

Органи

Член 14

Органи на управување на Транспарентност се Собрание и Управен одбор. Орган за надзор е Надзорниот одбор.

**1. Собрание на Транспарентност**

Состав на Собранието

Член 15

Собранието на Транспарентност (во понатамошниот текст: Собрание) го сочинуваат членовите на Транспарентност.

Делокруг на Собранието

Член 16

Собранието на Транспарентност:

- го донесува, изменува и дополнува Статутот;
- ја донесува генералната политика и стратегија;
- избира членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор;
- одобрува годишен извештај за работата и финансиски извештај со извештај од независниот ревизор;
- одлучува за преобразба на Транспарентност, спојување со друга фондација и за членување на Транспарентност во домашни и меѓународни сојузи и организации;
- одлучува за престанок на Транспарентност;
- врши и други работи согласно со Статутот и со општите акти на Транспарентност.

Работа на Собранието

Член 17

Собранието работи на седници.

Собранието заседава најмалку еднаш во календарската година и по потреба.

На годишното Собрание се одлучува најмалку за годишниот извештај за работа и финансиски извештај, со независното ревизорско мислење.

Свикување на седници

Член 18

Седниците на Собранието ги свикува Претседавачот на Управниот одбор, по сопствена иницијатива или по барање на Управниот одбор, или по барање на десет члена на Собранието.

Ако Претседавачот на Управниот одбор во рок од четиринаесет дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Поканата за седница се упатува најмалку осум дена од денот на одржување.

Собранието донесува деловник, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Кворум на седници

Член 19

Собранието има кворум ако се присутни мнозинството од вкупниот број членови.

Доколку бројот на членови на Транспарентност надмине 50 члена, Собранието има кворум ако се присутни 25 члена.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со овој статут не е предвидено посебно мнозинство.

Претседавање и одлучување

Член 20

Со седницата на Собранието претседава претседавач (претседавач со Собрание), кој се избира на самата седница, по предлог на Управниот одбор или на најмалку три члена на Собранието.

Собранието одлуките ги донесува со јавно гласање освен ако со овој статут поинаку не е определено.

За избори и разрешување на член на Управен одбор и Надзорен одбор гласањето е тајно.

За собранието се води записник, кој го потврдува претседавачот со Собрание и Претседателот на Управниот одбор.

**3. Управен одбор**

Состав на УО

Член 21

Управниот одбор го сочинуваат Претседавач, Заменик-претседавач и најмалку пет, но не повеќе од девет члена.

Бројот на членови на Управниот одбор го утврдува Собранието.

Членовите на Управниот одбор се членови на Собранието, односно членови на Транспарентност.

Избор на УО

Член 22

Членовите на Управниот одбор поединечно ги избира Собранието, со мнозинство од бројот на членови во Собранието кои гласале.

Кандидат за член на Управниот одбор можат да предложат најмалку два члена на Собранието или комисија за избори.

Доколку не се избери потребниот број на членови на Управниот одбор, постапката за избор на непополнетите места во Управниот одбор се повторува во рок не подолг од два месеца.

Мандатот на Управниот одбор е четири години, со право на два повторни избори.

Во секој изборен период се променуваат најмалку една третина од членовите на Управниот одбор.

Делокруг на УО

Член 23

Управниот одбор на Транспарентност:

- донесува перспективни и годишни програми и планови за работа;
- донесува финансиски план;
- усвојува годишна (завршна) сметка;
- носи мерки за обезбедување ефективно и рационално извршување на програмата;
- одлучува за средствата на Транспарентност во рамките на финансискиот план;
- одлучува за висината на членарината;
- одлучува за зделки коишто се однесуваат на имот со било која вредност на имот на Транспарентност;
- одлучува за воспоставување награди и признанија;
- донесува општи акти за уредување на системите и односите на Транспарентност;
- донесува општи акти со кои се уредува внатрешната организација;
- донесува акти со кои се уредува работата на стручната служба;
- избира Извршен директор;
- одлучува за овластувањата на Извршниот директор и ограничувањата на овластувања спрема трети лица;
- основа трговски друштва и други правни лица;
- подготвува, утврдува и спроведува одлуки на Собранието;

врши други работи во согласност со овој статут и со општите акти на Транспарентност.

Начин на работа  на Управен одбор

Член 24

Управниот одбор работи и одлучува на седници.

Управниот одбор одржува најмалку четири седници во календарска година.

Седниците на Управниот одбор ги свикува Претседавачот на Управниот одбор, по сопствена иницијатива или по барање на два члена на Управниот одбор, или по барање на пет члена на Собранието или по барање на Извршниот директор.

Претседавачот на Управниот одбор мора да свика седница во рок од петанесет дена од денот кога е поднесено барањето.

Свикувањето се врши со покана со време, место и предлог дневен ред на седницата.

За одлучување е потребно присуство на мнозинство од членовите во Управниот одбор.

Седницата може да се одржува и одлучувањето може да биде и без одржување на состанок или без физичко присуство на член и тоа преку конференциска врска или со писмено, вклучувајќи и електронско изјаснување.

Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Управниот одбор.

За работата на седниците се води записник кој го потпишува Претседателот на Управниот одбор и два присутни членови на Управниот одбор.

<u>Претседавач на УО</u>

Член 25

Претседавачот на Управниот одбор раководи со работата на Управниот одбор и е одговорен за неговата работа.

Во случај на отсуство и спреченост на Претседавачот на Управниот одбор, него го заменува Заменик-претседавачот.

Претседавачот и заменик-претседавачот ги избира Управниот одбор со мнозинство на гласови.

<u>Комисии</u>

Член 26

За претресување на прашањата од својата надлежност, Управниот одбор образува комисии и други работни тела, кои се формираат како постојани или како привремени.

**4. Надзорен одбор**

Член 27

Надзорбиот одбор е орган за надзор на работата.

Надзорниот одбор го сочинуваат претседавач и два члена.

Членовите на Надзорниот одбор поединечно ги избира Собранието, со мнозинство од бројот на членови во Собранието кои гласале. Кандидат за член на Надзорниот одбор можат да предложат најмалку два члена на Собранието или комисија за избори.

Мандатот на членовите е четири години, со право на два повторни избори.

- врши надзор врз работата на Транспарентност од аспект на примена на одредбите на овој Статут;
- врши избор на надворешен ревизор.

Претседавачот на Надзорниот одбор раководи со работата на и е одговорен за неговата работа. Претседавачот ги избира Надзорниот одбор со консензус.

**5. Права и одговорности на членовите на органите**

Заштита на цели и интереси

Член 28

Членовите на Собранието, Управниот одбор и на Надзорниот одбор (членовите на органите) во секое време треба да ги имаат целите и интересите на над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

Членовите на органите имаат право и должност да учествуваат во работата на органите, да даваат иницијатива за подготвување општи акти и да учествуваат во вршењето други надлежности на Собранието, Управниот одбор и Надзорниот одбор, во согласност со деловниците за работа и со заклучоците на Собранието, Управниот одбор и Надзорниот одбор.

Забрана за работа

Член 29

Членовите на Собранието, Управниот одбор и на Надзорниот одбор (членовите на органите) не можат да бидат во работен однос или на друг начин имаат редовни примања со Транспарентност.

Доколку членовите на органите склучат договор за привремена работа со Транспарентност, таквиот договор мора да биде одобрен од Управниот одбор.

Сите трансакции со членови на органи мора да бидат објавени во годишниот извештај (финансискиот извештај), односно независното ревизорско мислење.

Забрана за учество во извршна власт и политички партии

Член 30

Членовите на органите не можат да бидат членови на Владата во поширока смисла и тоа Претседател и заменици претседател, министри и заменици министри.

Членовите на органите не можат да бидат претседатели и членови на претседателства на политички партии.

За време на вршење на функции од став 1 и 2 од овој член, членството во органите престанува, а членството во Транспарентност е во мирување.

Одговорност

Член 31

Секој член на органите одговараат за својата работа пред Собранието.

Членовите на органите се одговорни за остварување на целите и задачите на Транспарентност. Членовите на орагните се одговорни за штетата предизвикана од нивното работење или поради запоставување на работата.

Недоверба

Член 32

Собранието може да му изгласа недоверба на член на Управниот и Надзорниот одбор или на член на Собранието. Недоверба може да се изгласа во случај на неисполнување на правата и обврските согласно со Статутот и општите акти, а посебно, но не исключиво за: кршење на одредбите на Статутот, отстапување од

утврдената долгорочна политика и стратегија на Транспарентност и континуирано неприсуство на седниците на органите.

Разрешување

Член 33

Претседавачот на Управниот одбор може да предложи разрешување член на Собранието и на Управниот одбор. Разрешување член на Собранието и на Управниот одбор може да биде предложено поради неприсуство од неоправдани причини на најмалку три последователни седници на Собранието или на Управниот одбор или поради претставување на Транспарентност кое не е во согласност со улогата и идентитетот на Транспарентност или поради постапување во спротивност со одредбите на овој статут.

Оставка

Член 34

Член на органите може да поднесе оставка.

Одлучување

Член 35

Одлука по прашањата од членовите 28-34 од овој статут донесува Собранието со мнозинство од бројот на членови во Собранието кои гласале.

Изборот за испразнетите места е во оригиналниот мандат.

Надомест

Член 36

Членовите на Собранието и на Управниот одбор, како и на другите тела на Транспарентност, можат да примаат паричен надоместок за трошоци и изгубен приход настанати поради учество во работата на Собранието и на Управниот одбор и на другите органи на Транспарентност.

Паричниот надомест се уредува со одлука на Собранието.

**6. Стручна служба**

Состав

Член 37

Стручната служба ја сочинуваат Извршен директор и потребниот број персонал.

Извршниот директор го избира персоналот раководејќи се од принципите на ефикасност, компетентност, интегритет и афирмативност.

Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со акти што ги донесува Управниот одбор.

Делокруг на Стручната служба

Член 38

Стручната служба ги врши стручните и административните работи, односно ги води дневните работи, ги сервисира органите на Транспарентност и ја администрира политиката и програмите одобрени од нив.

Стручната служба:

- ги следи и анализира економските и општествените трендови и проблеми;

- подготвува седници на Собранието и на Управниот одбор на Транспарентност и соодветни материјали;
- ги раководи и ги координира сите планирани активности на Транспарентност, во рамките утврдени со годишниот план за работа и со финансискиот план;
- подготвува среднорочни и годишни планови за работа и финансиски планови;
- раководи со финансиските средства за обезбедување максимална повратност, мобилизира нови фондови, преговара и склучува договори со донатори и со други финансиери;
- извршува канцелариски работи, ја чува архивата и води сметководство;
- поднесува извештаи за работата и финансиски извештаи;
- подготвува документација и се грижи за спроведувањето на програмските активности, врши нивно набљудување и оценување;
- одржува односи со јавноста.

Извршен директор

Член 39

Управниот одбор го избира и разрешува Извршниот директор.

Извршниот директор е одговорен пред Управниот одбор.

Мандатот на Извршниот директор е четири години, со право на повторен избор.

Делокруг на Извршниот директор

Член 40

Извршниот директор е главен административен службеник. Тој е и секретар на Собранието и на Управниот одбор. Извршниот директор учествува во работата на Собранието и на Управниот одбор без право на глас.

Извршниот директор го води и раководи работниот процес на Транспарентност.

Извршниот директор ги следи и ги анализира состојбите и проблемите во дејноста; дава прогнози и предвидувања за идни услови, проблеми и можности; комуницира и соработува со други организации.

Извршниот директор се грижи за стратешкото планирање и изготвува перспективни, годишни и периодични програми и планови за работа и финансиски планови. Одговорен е за извршување на програмата и на планот за работа и на финансискиот план и поднесува периодични и годишни извештаи за работа и финансиски извештај до Собранието, преку Управниот одбор.

Извршниот директор раководи со Извршната канцеларија, ја планира, организира и спроведува работата на Извршната канцеларија; воспоставува соодветни процедури за работа; воспоставува показатели за работни достигнувања и ги оценува и коригира работните достигнувања.

Извршниот директор е законски застапник, односно го застапува Транспарентност во правниот промет со трети лица, одговорен е за законитоста во работењето и за правилна примена на Статутот и на општите акти на Транспарентност.

Извршниот директор врши и други работи во негова надлежност во согласност со Законот, Статутот и општите акти на Транспарентност.

## В. ФИНАНСИИ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Извори на финансирање

Член 41

Транспарентност стекнува и прибавува финансиски средства од: членарина, донации; прилози, подароци и завештанија; заеми; приходи од образовна и издавачка дејност и други дејности; и приходи од инвестиции.

Намена на средствата

Член 42

Средствата на Транспарентност се употребуваат за специфични цели, задачи и активности, во согласност со овој статут и со општите акти и согласно со условите и ограничувањата на донаторите.

Вишокот на приходите над расходите (добивката) остварен од Транспарентност не смее да биде дистрибуиран како таков на ниедно лице, туку мора да биде употребен исклучиво за остварување на целите, задачите и активностите на Транспаррентност.

Судир на интереси

Член 43

Членовите на Собранието и на Управниот одбор, вработените во Стручната служба, и членовите на нивните семејства, не можат да имаат економски интерес во која и да е организација која му продава, издава или му добавува добра и услуги на Транспарентност или која е корисник на програмата на Транспарентност.

Исклучок од став 1 од овој член може да се одобри со одлука на Управниот одбор, со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови, и треба да се објави соодветно во годишниот извештај на Транспарентност.

Членовите на Собранието и на Управниот одбор кои се во однос со организација која работи со Транспарентност, треба да го декларираат интересот во однос на нивната организација и треба да бидат исклучени од релевантното одлучување.

Финансиски план

Член 44

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.

Висината и начинот на распределба на средствата се утврдуваат секоја година со финансискиот план, а врз основа на годишниот план за работа.

Финасискиот план го донесува Управниот одбор, а на предлог на Извршниот директор.

Финансискиот план за секоја година се донесува на крајот од тековната календарска година, за наредната година.

Ако финансискиот план не се донесе во рокот предвиден со став 4 од овој член, финансирањето ќе се врши во висина на средствата од претходната година, зголемени со порастот на цените на мало во тековната година.

Финансиски извештај

Член 45

Финансискиот извештај го донесува Собранието.

Годишниот финансиски извештај ќе биде подложен на ревизија од независен ревизор, избран од Надзорниот одбор.

Финансискиот извештај за претходната година се донесува најдоцна до 30 април во тековната календарска година.

Добро управување

Член 46

Управниот одбор ќе управува со финансиските средства на Транспарентност, согласно со позитивните законски прописи, заради остварување урамнотежен биланс на приходите и расходите.

Финансиските акти на Транспарентност се потпишуваат колективно од најмалку две лица овластени за тоа од Управниот одбор .

## ВИ. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕ

Член 47

Работата на Транспарентност е јавна.

Органите на Транспарентност се обврзуваат да обезбедат систем на информирање на јавноста.

Сите акти ќе се објавуваат на пригоден начин.

Транспарентност може да основа периодични публикации заради остварување на целите и задачите.

## ВИИ. АКТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Акти

Член 50

Транспарентност донесува статут, правилници, деловници, одлуки, решенија и други акти.

Со правилниците и одлуките се регулираат прашањата за кои, со законот или со овој статут е предвидено да се регулираат со општи акти.

Измени и дополнувања на Статут

Член 51

Собранието го донесува, го изменува и го дополнува Статутот.

Предлог за измени и дополнувања на Статутот можат да поднесат најмалку пет члена на Собранието или Управниот одбор.

Предлогот го разгледува Управниот одбор и, заедно со своето мислење, го доставува до сите членови на Собранието, петнаесет дена пред одржувањето на седницата на Собранието.

Собранието го донесува Статутот со двотретинско мнозинство од присутните членови.

Потпишување на општи акти

Член 52

Општите акти на Транспарентност ги потпишува Претседавачот на Управниот одбор или лице овластено за тоа.

## ВИИИ. ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА

Одлука за престанок

Член 53

Транспарентност престанува со својата работа, ако за тоа одлучи Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на две последователни седници, од кои втората ќе се одржи во рок од една до две години од првата.

Транспарентност престанува со работа и во согласност со позитивните законски прописи.

Имот по престанок

Член 54

Во случај на престанок на работата на Транспарентност, со имотот и со средствата што остануваат по намирувањето на обврските, располага Црвениот крст на Македонија.

## ИЏ. СТАТУС НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Член 55

Транспарентност има статус на правно лице, со права, обврски и одговорности утврдени со закон и со овој Статут.

Член 56

Седиштето на Транспарентност е во Скопје на улица Ферид Бајрам бр.39.

Член 57

Знак на Транспарентност е скратеното име ТМ.

Член 58

Транспарентност има свој печат.

Печатот е со кружна форма и во него е впишан текст на македонски јазик со кирилично писмо: Транспарентност Македонија и ТМ.

## Џ. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 59

Општите акти на Транспарентност ќе се усогласат со овој Статут во рок од една година од денот на неговото објавување.

Член 60

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи претходниот Статутот.

Член 61

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Скопје, 16 декември 2006 г. Сашо Орданоски

Претседател